*Врз основа на членовите 27 и 30 од Статутот на Македонското еколошко друштво, Собранието на Македонското еколошко друштво, на седницата одржана на ден 04.02.2008 година во Скопје го донесе следниот*

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

**Член 1**

Овој деловник ја регулира работата на Собранието на Македонското еколошко друштво (во понатамошниот текст „МЕД“), а посебно:

- Предлагањето и изборот на работното претседателство на Собранието;
- Начинот на донесување одлуки;
- Избор на Претседател и членови на Претседателство и Надзорен одбор на МЕД.

**Член 2**

Собранието го сочинуваат сите членови на МЕД.

Собранието може да работи доколку на негова седница присуствуваат најмалку една половина од членовите.

**Член 3**

Седница на Собранието свикува Претседателот на МЕД.

Седница на Собранието може да се свика и по писмено барање на најмалку една петина од членовите на МЕД или по писмено барање на Надзорниот одбор.

Ако Претседателот на МЕД во рок од 14 дена од денот на барањето за свикување на седница на Собранието не свика седница, седницата ја свикуваат и водат Претседателството на МЕД или иницијаторите.

**Член 4**

Собранието работи по дневен ред подготвен од Претседателството на МЕД.

Работата на Собранието започнува со избор на работно претседателство.

Работното претседателство го сочинуваат Претседател на Собранието, записничар, оверувач на записникот и двајца членови.

Членовите на Работното претседателство ги предлагаат и избираат членовите на Собранието.

Предлог за членови на работното претседателство може да даде и актуелното Претседателство на МЕД.

За Претседател на Собранието, записничар, оверувач на записникот мора да бидат предложени членови на МЕД.

**Член 5**

Претседателот на Собранието ја води седницата на Собранието и го става дневниот ред на усвојување од страна на членовите на Собранието.

По секоја точка од дневниот ред Претседателот на Работното претседателство на Собранието отвора општа расправа. Во општата расправа Претседателот на Собранието е должен да даде збор на сите заинтересирани членови на Собранието.

По завршувањето на општата расправа сите предлози предложени од членовите на Собранието се ставаат на гласање.

Доколку се изнесени повеќе предлози за одделни прашања по точки од дневниот ред на гласање прво се ставаат предлозите кои се доставени во писмена форма, а потоа се гласа по предлозите кои се изнесени усно. Редоследот по кој се гласаат писмените предлози е во согласност со датумот на нивното пристигнување и заверување во архивата на МЕД. Гласањето по предлозите кои се изнесени усно се одвива по истиот редослед по кој биле предложени на седницата на Собранието.

**Член 6**

Собранието ги донесува одлуките со просто мнозинство, освен во случај на промена на Статутот на МЕД и донесување на одлука за престанок на работа на МЕД.

Одлуките се донесуваат со јавно гласање.

**Член 7**

Предлогот за членови на Претседателство и Надзорниот одбор на МЕД го даваат членовите на Собранието. Предлог за членови на Претседателството и Надзорниот Одбор може да даде и актуелното Претседателство на МЕД.

Изборот на членовите на Претседателството и Надзорниот Одбор на МЕД се врши за секој член поединечно.

**Член 8**

На седница на Собранието на МЕД се избира само Претседател на МЕД и членови на Претседателството на МЕД. Изборот на Потпретседател, Секретар и Благајник се врши на првиот состанок на Претседателството.

Доколку се јават повеќе од двајца кандидати, гласањето се врши во два круга. Во вториот круг на гласање се предлагаат двајца кандидати кои собрале најмногу гласови во првиот круг.

Претседателот се избира доколку за кандидатот гласаат повеќе од половината членови кои се присутни на седницата на Собранието.

Членовите на Претседателството се избираат заедно. Доколку има повеќе предлози за членови на Претседателството, може да се спроведе гласање за секој член поединечно.

**Член 9**

При избирањето на Надзорниот одбор, се бира Претседател на Надзорниот одбор и членови на Надзорниот одбор.

Гласањето за Претседател се врши по секој предлог одделно. Претседателот се избира доколку за кандидатот гласаат повеќе од половината членови кои се присутни на седницата на Собранието.

Членовите на Претседателството се избираат заедно. Доколку има повеќе предлози за членови на Претседателството, може да се спроведе гласање за секој член поединечно.

**Член 10**

Записничарот го подготвува записникот најдоцна два дена по одржувањето на седницата на Собранието.

Оверувачот на Записникот го прегледува и оверува Записникот најдоцна седум дена по одржувањето на седницата на Собранието.

Записникот од седницата на Собранието треба да биде достапен до членовите на МЕД, најдоцна 14 дена по одржувањето на седницата. Записникот се објавува во информативните гласила на МЕД или на web-страната на МЕД.

**Член 11**

Измените и дополнувањата на Статутот на МЕД се врши за секој член поединечно.

Измените и дополнувањата на Правилниците на МЕД и деловниците за работа на Собранието, Претседателството и Надзорниот одбор се врши за секој член поединечно.

**Член 12**

Право на толкување на одредбите од деловникот има Собранието на МЕД, а меѓу две седници на Собранието тоа право го има Претседателството на МЕД.

Право за менување на Деловникот има единствено Собранието на МЕД.

Овој Правилник е донесен на седницата на Собранието на МЕД одржана на ден 04.02.2008 година.

______________________________

Проф. д-р Љубчо Меловски,
Претседател

*Врз основа на член 35 од Статутот на Македонското еколошко друштво, Собранието на Македонското еколошко друштво, на седницата одржана на ден 04.02.2008 година во Скопје го донесе следниот*

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА МАКЕДОНСКОТО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

**Член 1**

Овој деловник ја регулира работата на Надзорниот одбор на Македонското еколошко друштво (во понатамошниот текст: МЕД).

**Член 2**

Надзорниот одбор врши контрола на спроведувањето и почитувањето на Статутот на МЕД, правилниците и деловниците за работа и надзор на финансиското и материјалното работење на органите и телата на МЕД.

**Член 3**

Бројот на членови во Надзорниот одбор ги пропишува Статутот на МЕД.

Членовите на Надзорниот одбор ги избира Собранието.

Претседателот на Надзорниот одбор го избира Собранието, на истата седница.

**Член 4**

Надзорниот одбор на МЕД може да работи доколку на негова седница присуствуваат сите членови.

**Член 5**

Надзорниот одбор се состанува барем еднаш годишно.

Состанок на Надзорниот одбор свикува Претседателот на Надзорниот одбор.

Состанок на Надзорниот одбор може да побара и било кој член на Надзорниот одбор.

Состанок на Надзорниот одбор може да побара и Претседателот или некој од членовите на Претседателството. Предлогот со образложение се доставува во писмена форма.

Надзорниот одбор работи по дневен ред подготвен од Претседателот на Надзорниот одбор. Дневниот ред мора да биде испратен до членовите на Надзорниот одбор барем 48 часа порано.

**Член 6**

Претседателот на Надзорниот одбор го води состанокот и го става дневниот ред на усвојување од страна на членовите на Надзорниот одбор.

По секоја точка од дневниот ред Претседателот на Надзорниот одбор отвора општа расправа. Во општата расправа Претседателот на Надзорниот одбор е должен да даде збор на сите заинтересирани членови на Надзорниот одбор.

По завршувањето на општата расправа сите предлози предложени од членовите на Надзорниот одбор се ставаат на гласање.

Гласањето по предлозите кои се изнесени усно се одвива по истиот редослед по кој биле предложени на состанокот на Надзорниот одбор.

**Член 7**

Надзорниот одбор ги донесува одлуките со консензус.

Одлуките се донесуваат со јавно гласање.

Претседателот на Надзорниот одбор, ниту било кој друг член на Надзорниот одбор на МЕД не смее самостојно да донесува одлуки.

**Член 8**

Од секој состанок на Надзорниот одбор се води записник.

Записникот го води еден од членовите на Надзорниот одбор.

Записникот се доставува до Претседателството најдоцна седум дена по одржувањето на состанокот.

Надзорниот одбор заклучоците ги доставува и до Собранието на МЕД.

**Член 8**

Надзорниот одбор со писмено барање може да побара увид во целокупната документација, како и извештај од Претседателството на МЕД за работата на Претседателството и МЕД. Претседателството е должно да го обезбеди извештајот во рок од 7 календарски денови.

Надзорниот одбор може да изврши увид во материјално-финансиското работење на Претседателството на МЕД кога за тоа ќе одлучи Надзорниот одбор. Надзорниот одбор може да изврши увид само ако на увидот присуствуваат сите негови членови.

**Член 9**

Овој Правилник е донесен на седницата на Собранието на МЕД одржана на ден 04.02.2008 година.

______________________________

Проф. д-р Љубчо Меловски,
П р е т с е д а т е л

*Врз основа на член 33 од Статутот на Македонското еколошко друштво, Собранието на Македонското еколошко друштво, на седницата одржана на ден 04.02.2008 година во Скопје, го донесе следниот*

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА МАКЕДОНСКОТО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

**Член 1**

Овој деловник ја регулира работата на Претседателството на Македонското еколошко друштво, а посебно:

Конституирање на Претседателството;

Начинот на донесување одлуки;

**Член 2**

Претседателот на МЕД го избира Собранието. На првиот состанок на новоизбраното Претседателство се избира потпретседател, секретар и благајник на МЕД од членовите на Претседателството.

**Член 3**

Претседателството може полноважно да одлучува доколку на состанокот присуствува најмалку една половина од членовите на Претседателството.

Одлуките во Претседателството се донесуваат со јавно гласање со просто мнозинство гласови од вкупниот број членови на Претседателството.

Во работата на Претседателството може да учествуваат и претставници на подружниците, секциите и телата на МЕД, без право на одлучување.

**Член 4**

Со финансиските средства на МЕД управуваат Претседателот и секретарот кои имаат право на потпис на сметката на МЕД во склад со одлуките на Претседателството.

**Член 5**

Во отсуство на Претседателот на здружението, сите права и обврски ги презема Потпретседателот на МЕД.

**Член 6**

Состанок на Претседателството свикува Претседателот.

Состанок на Претседателството може да побара и било кој член на Претседателството.

Претседателството работи по дневен ред подготвен од Претседателот на МЕД.

Предлози за дневниот ред може да доставуваат членовите на Претседателството, претседателите на секциите и подружниците и претседателите на телата на МЕД.

Дневниот ред треба да биде доставен до членовите на Претседателството најмалку два дена пред одржувањето на состанокот на Претседателството.

**Член 7**

Претседателот го води состанокот и го става дневниот ред на усвојување од страна на членовите на Претседателството.

По усвојувањето на дневниот ред, на разгледување и усвојување се става записникот од претходниот состанок на Претседателството.

По секоја точка од дневниот ред Претседателот отвора општа расправа. Во општата расправа Претседателот е должен да даде збор на сите заинтересирани членови на Претседателството.

По завршувањето на општата расправа сите предлози предложени од членовите на Претседателството се ставаат на гласање.

Доколку се изнесени повеќе предлози за одделни прашања по точки од дневниот ред на гласање прво се ставаат предлозите кои се доставени во писмена форма, а потоа се гласа по предлозите кои се изнесени усно. Редоследот по кој се гласаат писмените предлози е во согласност со датумот на нивното пристигнување и заверување во архивата на МЕД. Гласањето по предлозите кои се изнесени усно се одвива по истиот редослед по кој биле предложени на седницата на Собранието.

**Член 8**

Претседателството ги донесува одлуките со просто мнозинство.

Одлуките се донесуваат со јавно гласање.

Претседателот, ниту било кој друг член на Претседателството на МЕД не смее самостојно да донесува одлуки.

**Член 9**

Од секој состанок на Претседателството се води записник.

Записникот го води секретарот на МЕД или друго лице кое ќе биде избрано од Претседателството.

Записникот се доставува до членовите на Претседателството најдоцна седум дена по одржувањето на состанокот.

**Член 10**

Патните трошоци за членовите на Претседателството или повиканите претставници на подружниците, секциите и другите тела кои доаѓаат од друго населено место различно од местото на одржување на состанокот на Претседателството, ги покрива МЕД.

**Член 11**

Претседателството на МЕД е должно да даде извештај во рок од 7 дена за својата работа, доколку тоа го побара Надзорниот одбор на МЕД.

Претседателството на МЕД е должно да му овозможи на Надзорниот орган да изврши увид во материјално-финансиското работење кога тоа ќе го побара Надзорниот одбор.

**Член 12**

Овој Правилник е донесен на седницата на Собранието на МЕД одржана на ден 04.02 2008 година.

______________________________

Проф. д-р Љубчо Меловски,
Претседател

*На основа на член 16 од Статутот на Македонското еколошко друштво, Собранието на Македонското еколошко друштво, на седницата одржана на ден 04.02.2008 година во Скопје го донесе следниот*

# ПРАВИЛНИК ЗА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО МАКЕДОНСКОТО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

## ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО МЕД

**Член 1**

Член за Македонско еколошко друштво (во понатамошниот текст: МЕД) може да стане секој граѓанин на Република Македонија со пополнување на пристапница.

Член на МЕД не може да стане лице кое било претходно исклучено од МЕД заради причини наведени во ставките *б* и *г* од членот 3 од овој Правилник.

Пополнувањето на пристапницата се врши лично, и кон истата се приложува фотографија на потписникот (оптимални димензии 4,5 x 3,5 cm). Фотографијата ќе се употреби за издавање на членска книшка.

Член на МЕД може да биде и државјанин на друга земја, кој во Република Македонија не сторил прекршок против нејзиниот суверенитет, интегритет или на друг начин и наштетил или ги загрозил нејзините интереси. Зачленувањето се врши исто така со пополнување на пристапница.

Пристапницата има својство на Барање за зачленување, и за прием на потписникот во МЕД одлучува Претседателството на МЕД на првиот нареден состанок по приемот на пополнетата пристапница.

Потписникот на пристапницата е должен во рок од еден месец да ја плати годишната членарина во МЕД. Членарина за тековната година не се плаќа единствено доколку до истекот на истата остануваат помалку од три месеци (односно поднесувањето на пристапницата се случило подоцна од 30 септември).

## ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО

**Член 2**

Членувањето во МЕД трае една година (до 30 јуни), а потоа може да биде продолжено. Продолжувањето на членувањето се врши со уплата на членарина за наредната година, не подоцна од 31 март. При продолжувањето на членувањето не се пополнува нова пристапница.

Доколку членувањето не биде продолжено, односно членарината за наредната година не биде платена најдоцна до 31 март, Претседателството на МЕД на првиот нареден состанок донесува одлука за исклучување од МЕД заради неплаќање членарина.

## ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД МЕД

**Член 3**

Одлука за исклучување од МЕД донесува Претседателството на МЕД. Доколку од МЕД треба да се исклучи член на органите на МЕД, истиот на седница на Собранието треба прво да биде исклучен од членување во соодветните органи.

Исклучувањето може да настапи заради:

а. Неплаќање на членарина - Претседателството носи одлука за исклучување на членовите кои не ја платиле членарината за наредната година најдоцна до 31ви март. Членувањето во МЕД може да биде обновено со повторно пополнување на пристапница и плаќање на годишната членарина.

б. Делување спротивно на Статутот на МЕД - Претседателството може да донесе ваква одлука веднаш штом биде забележено непочитување на темелните акти на МЕД. При исклучување заради оваа причина, доколку истата е потврдена и од Собранието на МЕД членувањето не може да биде обновено.

в. Непочитување на одлуките донесени од Собранието или Претседателството на МЕД - доколку членот не се согласува со одлуките донесени во МЕД, неговото мислење може да го искаже јавно на седница на Собранието или во писмена форма до Претседателството на МЕД. Доколку истото мислење не биде прифатено од органите или Собранието на МЕД, членот мора да го почитува нивниот став, а во спротивно по сопствена желба може да го прекине членувањето во МЕД. Доколку Собранието ја верификува одлуката за исклучување донесена од Претседателството, при исклучување заради оваа причина членувањето не може да биде обновено.

г. Рушење на јавниот углед на МЕД - делување против активностите на МЕД, ширење невистини за неговата работа и јавни клевети за неговите членови. При исклучување заради оваа причина кое е потврдено и од страна на Собранието на МЕД членувањето не може да биде обновено.

## ЧЛЕНСКА КНИШКА

### Член 4

Секој член на МЕД има право да добие членска книшка. Членската книшка ја издава Претседателството на МЕД, најдоцна еден месец по уплатата на годишната членарина.

Важноста на членската книшка се потврдува со годишна налепница, која ја издава претседателството најдоцна еден месец по плаќањето на членарината за наредната година.

На членската книшка покрај фотографија на носителот има и негови лични податоци (име и презиме, адреса) и реден број на членство.

## ЧЛЕНАРИНА

### Член 5

Обврска на секој член на МЕД е да ја плаќа годишната членарина, најдоцна до 31 март од тековната година за која важи членарината.

Висината на членарината за дадената година се менува со одлука на Собранието на МЕД.

Уплатата на членарина се врши со уплатница на сметката на МЕД или кај благајникот на МЕД.

Членарината за една година изнесува 500,00 денари. Невработените лица плаќаат годишна членарина од 100,00 денари.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПОЧЕСНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА МЕД

**Член 6**

Почесните членови на МЕД се избираат на седница на Собранието, по писмен предлог од најмалку три негови редовни членови или од подружниците и секциите на МЕД.

Почесните членови не ја плаќаат годишната членарина.

Почесните членови ги добиваат сите публикации на МЕД.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 7**

При исклучување донесено со одлука на Претседателството, исклученото лице ги губи правата и обврските во МЕД.

По одлуката лицето има право на жалба до Собранието на МЕД. Жалбата треба да биде доставена до Претседателството на МЕД во рок од 15 дена по приемот на одлуката за исклучување.

Собранието врши верификација на одлуката за исклучување или истата ја одбива.

Одлуката на Собранието е конечна.

Во случај Собранието да ја отфрли одлуката за исклучување, членот има право да ги добие сите акти и изданија на МЕД донесени или издадени по неговото исклучување од страна на Претседателството.

Право на толкување на одредбите од правилникот има Собранието на МЕД, а меѓу две седници на Собранието тоа право го има Претседателството МЕД.

Право за менување на правилникот има единствено Собранието на МЕД.

Овој Правилник е донесен на седницата на Собранието на МЕД одржана на ден 04.02.2008 година и стапува на сила веднаш.

______________________________

Проф. д-р Љубчо Меловски,
П р е т с е д а т е л

*Врз основа на член 12 од Статутот на Македонското еколошко друштво, Собранието на Македонското еколошко друштво, на седницата одржана на ден 04.02.2008 година во Скопје го донесе следниот*

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗДАВАЧКА И ПРОДУКЦИСКА ДЕЈНОСТ НА МАКЕДОНСКОТО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

**Член 1**

Македонското еколошко друштво (во понатамошниот текст: МЕД) има своја издавачка и продукциска дејност.

**Член 2**

Под издавачка дејност се подразбира публикување на списанија, постери, книги, летоци и друг печатен материјал. Издавачката дејност може да се врши и во електронска форма.

Под продукциска дејност се подразбира подготвување и објавување на аудио и видео материјали.

**Член 3**

Издавачката и продукциската дејност може да се одвива во склоп на задачите предвидени за реализација во проектите на МЕД или како резултат на придржувањето на целите и задачите на МЕД без посебен проект.

**Член 4**

За секоја публикација Претседателството на МЕД со одлука назначува Издавачки Одбор (ИО), кој може да има најмалку два члена. Членовите на ИО се членови на МЕД. При издавање на научни или стручни публикации, со посебна одлука Претседателството назначува и Научен Одбор (НО), кој може да брои најмалку три члена. Членовите на НО не мора да бидат и членови на МЕД.

**Член 5**

ИО и НО од своите редови избираат Претседател на Одборот.

Мандатот на Одборите се одредува со одлуката на Претседателството доколку станува збор за редовна периодична публикација, односно завршува по издавањето на вонредните публикации.

Право на предлог за измена на составот на ИО и НО имаат членовите на Претседателството и членовите на ИО и НО.

**Член 6**

Публикациите на МЕД се слободно достапни на јавноста и се дистрибуираат до сите членови на МЕД. Исклучок од овој став може да има кога се работи за ексклузивна и луксузна публикација, и за дистрибуирањето на таквите публикации одлучува Претседателството на МЕД. Доколку Претседателството одлучи дека таквите публикации треба да се продаваат, средствата стекнати на овој начин мора да се користат за остварување на целите и задачите на МЕД.

**Член 7**

Монографиите, книгите, брошурите, зборниците од собири, книги на апстракти, периодичните изданија и слично треба да се каталогизираат во Народната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје.

**Член 8**

На сите изданија на МЕД на насловната страница мора да стои името и амблемот на МЕД. Покрај амблемот на МЕД, може да стојат и амблеми на други организации и финансиери на публикацијата.

На соодветно место во публикацијата мора да стои и адреса на МЕД.

На соодветно место треба да стои ISBN или ISSN број.

**Член 9**

За продукција на аудио и видео материјали се формира Продукциски одбор (ПО).

Претседателството на МЕД со посебна одлука ги определува членовите на ПО.

ПО може да брои најмалку три членови.

Мандатот на ПО го определува Претседателството на МЕД или трае до завршување на продукцијата на аудио и видео материјалите и нивна дистрибуција.

**Член 10**

Право на толкување на одредбите од овој правилник има Собранието на МЕД, а меѓу две седници на Собранието тоа право го има Претседателството.

**Член 11**

Постапката за менување на овој правилник е иста како и постапката за негово донесување.

**Член 12**

Овој Правилник е донесен на седницата на Собранието на МЕД одржана на ден 04.02.2008 година.

________________________________

Проф. д-р Љубчо Меловски,
П р е т с е д а т е л

*Врз основа на член 37 од Статутот на Македонското еколошко друштво, Собранието на седницата одржана на ден 04.02.2008 година во Скопје го донесе следниот*

**ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА СЕКЦИИТЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО**

**Член 1**

Секциите може да се поделат според полето на интерес на членовите на Македонското еколошко друштво (во понатамошниот текст: МЕД).

За формирање на стручна секција се потребни најмалку тројца членови.

**Член 2**

Иницијатива за формирање на секција поднесуваат најмалку тројца членови на МЕД, до Претседателството, во писмена форма.

Еден член на МЕД може да се јави како иницијатор на само една секција.

Претседателството ја разгледува иницијативата и му дава препорака на Собранието дали истата да биде прифатена или одбиена, со образложение.

За формирање на Секција одлука носи Собранието на МЕД.

**Член 3**

Секциите се формираат по принцип на паралелност, односно секоја формирана секција мора по својот обем и интерес на работа, односно поле на активност да биде на приближно исто ниво со останатите секции.

Не е возможно да се формира секција која според својот научен интерес претставува само продлабочување на една од постојните секции.

**Член 4**

Секоја Секција има свој Раководител.

Раководителот на Секцијата го избира Собранието на МЕД, на предлог од Претседателството.

**Член 5**

Раководителот на секцијата е должен да изготви план и програма за работа на Секцијата, која ја доставува на разгледување на Претседателството на МЕД.

Прифатените активности Претседателството ги инкорпорира во програмата за работа на МЕД.

**Член 6**

Раководителот на Секцијата може да присуствува на состаноците на Претседателството на МЕД, со цел да ги информира за текот на активностите и проектите кои Секцијата ги реализира, но нема право на глас при донесување на одлуките на Претседателството.

**Член 7**

Доколку бројот на членовите во една постојна секција се намали под три, истата престанува да постои.

Одлука за престанување на работа секцијата носи Собранието на МЕД.

________________________________

Проф. д-р Љупчо Меловски,
П р е т с е д а т е л